ЗАПИСНИК

Од одржаната 34-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 19.09. 2023 г. со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата од вкупно 9 советници, присутни беа 7 членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Иванчо Котевски, Александар Канзуровски и Љупчо Петровски.

На 34-та седница на Советот на Општина Новаци беа отсутни 2 советници: Горан Велјановски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни Градоначалникот Стевановски и вработени во Општина Новаци: Анета Киселоска – раководител, Николина Лозановска – советник, Оливера Димитровска - раководител и Катерина Чукалевска – советник.

На седницата присуствуваше Александар Стефановски - директор на ЈПКД „Комунална Хигиена“ – Новаци.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 33- та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2023 година;
3. Разгледување и донесување на измени и дополнувања на Програма за изградба и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2023 г.;
4. Разгледување и донесување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за сопствено учество на Општина Новаци во програмата на УНДП: Општинско-корисна работа 2023/24 година, за реализација на проектот „Ранливи категории 4“;
5. Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства на сите студенти, жители на Општина Новаци, кои ќе се запишат во прва година - прв циклус студии на државените универзитети во РСМакедонија;
6. Разгледување на Годишен план за вработување на МЈП „Пелалинк“- Битола, за 2024 година и донесување на Одлука;
7. Разгледување на Барање за субвенционирање на обврските на ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци за потрошена електрична енергија за водоснабдување;
8. Разгледување на Барање од ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци за назначување на 2 (два) члена во Управен одбор;
9. Разгледување на Барање од ООУ „Славко Лумбарковски “– Новаци за набавка на дигитална инфрастуктура;
10. Разгледување на Барање од МЗ с. Живојно за еден камион песок, за потребите на црквата „Св.Спас“;
11. Разгледување на Барање од МЗ од с. Живојно за 3 камиони чакал за санација на патот до црквата „Св.Спас“ и манастирот “Св.Петка“;
12. Советнички прашања.

Дополнување: Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

1. Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Јован Стојковски од с. Зовиќ како лице со здравствени проблеми;
2. Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Трајанка Стевановска од с. Далбеговци.

Пред да се стави на гласење Дневниот ред на 34-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката Најдовска – Стојковска предложи, Дневниот ред да се измени и дополни:

Прво, да не се разгледува точка бр. 8 Разгледување на Барање од ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци за назначување на 2 (два) члена во Управен одбор,

Второ, дневниот ред да се дополни со 3 (три) точки кои поради својата итност, неодложно треба да се разгледуваат на оваа седница.

Претседателката Најдовска - Стојковска предлложи поединечно гласање за дополнителните точки:

1. Разгледување на Барање од манастирот „Рожденство на Пресвета Богородица“ Новаци, за финансиски средства за оддржување на престојниот верски празник на 20/21.09.2023г.(мала Богородица);

Советниците со **7 гласа за** ја прифатија првата точка од дополнувањето.

2. Разгледување на Барање од МЗ на с.Градешница за градежен материјал (песок и тампон) за изградба на конак на манастирот „Св. Илија“ во с.Градешница;

Советниците со **7 гласа за** ја прифатија втората точка од дополнувањето.

3. Разгледување на Барање од МЗ на с.Будимерци за градежен материјал (тампон) и соодветна градежна механизација за санација на патот.

Советниците со **7 гласа за** ја прифатија третата точка од дополнувањето.

На тој начин Дневниот ред кој беше составен од 12 (дванаесет) точки се измени и дополни така што Дневниот ред на 34-та седница на Советот на Општина Новаци, по претрпените измени и дополнувања е составен од 16 точки, со тоа што точката бр. 12 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 16.

Предлогот за изменетиот и дополнет Дневен ред на 34-та Седница на Советот на Општина Новаци беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со **7 гласа за**.

1 точка: Разгледување и усвојување на Записникот од 33-та седница на Совет на Општина Новаци;

По разгледувањето, Записникот од 33-та Седница, беше ставен на гласање и усвоен со **7 гласа за.**

2 точка: Разгледување и донесување на Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2023 година;

По однос на втората точка збор зеде Оливера Димитровска - раководител на финансии која пред советниците ја образложи потребата од проширување во делот на „Донаци за 2023г.“ која се прави поради промената на буџетот во проектот „Ранливи категории 4“ од програмата ОКР 2023/24.

По дискусијата, Советот на Општина Новаци со **7 гласа за** донесе Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2023 година.

3 точка: Разгледување и донесување на измени и дополнувања на Програма за изградба и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2023 г.;

Градоначалникот Стевановски детално им објасни на советниците, кои се измените во оваа Програма поаѓајки од измените во делот на градежните зафати кои се однесуваат на игралиштето во с. Бач , потоа замена на градежните активностите од с. Добровени во с.

Скочивир како и измена во делот на замена на асвалтирање на општинскиот двор (задна страна) со изграба на локална улица во с. Новаци (тротоари – излез кон с.Рибарци).

Советот на Општина Новаци ја разгледа Програма и со **5 гласа за и 2 гласа воздржани** донесе Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Новаци за 2023 год.

4 точка: Разгледување и донесување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за сопствено учество на Општина Новаци во програмата на УНДП: Општинско-корисна работа 2023/24 година, за реализација на проектот „Ранливи категории 4“;

По однос на четвртата точка Катерина Чукалевска – советник, пред советот на Општина Новаци ја објасни потребата од измена на Одлуката поради зголемувањето на финансиските средства кои Општина Новаци ги обезбедува како сопсвено учество во проектот „Ранливи категории 4“ како резултат на ангажирање на едно лице во период од 9 месеци така што вкупниот број на ангажирани лица се зголеми од 6 на 7 лица.

Советот на Општина Новаци ја разгледа Одлуката така што со **6 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за измена и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за сопствено учество на Општина Новаци во програмата на УНДП: Општинско-корисна работа 2023/24 год., за реализација на проектот „Ранливи категории 4“.

5 точка: Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства на сите студенти, жители на Општина Новаци, кои ќе се запишат во прва година - прв циклус студии на државените универзитети во РСМакедонија;

По однос на петтата точка советниците беа информирани дека целта на оваа Одлука е мотивирање на младата популација да го продолжат своето образование на универзитетско ниво. Затоа Општина Новаци има намера да одобри финансиски средства во еднократен износ од 12.000,00 ден за секој редовен студент, жител на Општина Новаци, кој ќе се запиши во прва година-прв циклус на студирање на било кој државен универзитет.

Советот на Општина Новаци со **7 гласа за** донесе Одлука за одобрување на финансиски средства за редовни студенти,жители на Општина Новаци кои ќе се запишат прва година - прв циклус студии на државните универзитети во Република Северна Македонија.

6 точка: Разгледување на Годишен план за вработување на МЈП „Пелалинк“- Битола, за 2024 година и донесување на Одлука;

Советот на Општина Новаци го разгледа Годишениот план за вработување на МЈП „Пелалинк“- Битола со кој се планираат 18 нови вработувања и со **7 гласа за** донесе Одлука за давање на согласност на Годишен план за вработување на МЈП „Пелалинк“- Битола.

7 точка: Разгледување на Барање за субвенционирање на обврските на ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци за потрошена електрична енергија за водоснабдување;

Советот го разгледа Барање од ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци, при што се разви дискусија во врска со превземање на пумпните станици кои се моментално во сопственост на ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци од страна на Општина Новаци и соодветно на тоа Општина Новаци да ги подмири заостанатите долгови на ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци, поради неплатени сметки за струја. Во дискусијата зеде збор и градоначалникот

Стевановски кој пред советниците образложи дека во блиска иднина во пограничниот предел на Општина Новаци каде што се наоѓаат наведените пумпни станици ќе се воспостави секундарна водоводна мрежа со која ќе стопанисува ЈКП „Водовод“ од Битола така што ќе се надминат овие проблеми.

Претседателката на Советот Најдовска – Стојковска предложи одбивање на Барањето така што Советот на Општина Новаци со **7 гласа за** го одби Барањето за субвенционирање на обврските на ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци за потрошена електрична енергија за водоснабдување како неосновано.

8 точка: Разгледување на Барање од ООУ „Славко Лумбарковски “– Новаци за набавка на дигитална инфрастуктура;

По однос на оваа точка советниците добија информација дека дигиталната интеграција како новина во основното образование има потреба од соодветна инфраструктура на училниците и училиштата, која ќе придонесе за успешна реализација на воспитно-образовниот процес. ООУ „Славко Лумбарковски“ не е во можност да ја набави соодветната дигитална инфраструктура поради што доставува барање до Советот на општина Новаци за набавка на истата. Раководителот на финансии ги информираше советниците дека Општина Новаци во овој момент не е во можност да ја набави потребната инфраструктура бидејќи финансиски средства за таа намена нема предвидено во Буџетот во 2023 год . но дека тоа ќе биде предвидено во буџетот за 2024 год.

Советот на Општина Новаци по дискусијата гласаше така што **едногласно** донесе Одлука за финансиска помош во набавка на дигитална инфраструктура за потребите на во ООУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци.

9 точка: Разгледување на Барање од МЗ с. Живојно за еден камион песок, за потребите на црквата „Св.Спас“;

По однос на оваа точка советниците беа информирани дека во црквата „Св. Спас“ с. Живојно е потребно да се направат реконструктивни зафати поради што има потреба од градежен материјал - песок.

Советот на Општина Новаци со **7 гласа за** донесе Одлука за одобрување на финансиска помош во градежен материјал - песок за реновирање на црквата „Свети Спас“ во Живојно.

10 точка:Разгледување на Барање од МЗ од с. Живојно за 3 камиони чакал за санација на патот до црквата „Св.Спас“ и манастирот “Св.Петка“;

Советот на Општина Новаци го разгледа Барањето од жителите на с. Живојно со кое бараат градежен материјал (тампон) за санација на патот кој води кон црквата „Св. Спас“ и манастирот „Св.Петка“.

Советот на Општина Новаци со **7 гласа за** донесе Одлука за одобрување на финансиска помош во градежен материјал - чакал и песок за патот до: манастирот „Света Петка“ во Живојно и црквата „Свети Спас“ во Живојно.

11 точка: Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Јован Стојковски од с.Зовиќ како лице со здравствени проблеми;

Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Јован Стојковски од с.Зовиќ, како лице со здравствени проблеми во висина од 20.000,00 ден.

12 точка: Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Трајанка Стевановска од с. Далбеговци;

Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Трајанка Стевановска од с. Далбеговци, како лице со здравствени проблеми во висина од 10.000,00 ден.

13 точка: Разгледување на Барање од манастирот „Рожденство на Пресвета Богородица“ Новаци, за финансиски средства за оддржување на престојниот верски празник на 20/21.09.2023г.(мала Богородица);

Советот на Општина Новаци го разгледа Барањето од манастирот „Рожденство на Пресвета Богородица“ со кое се бара финансиска поддршка за одбележување на верскиот празник „Мала Богородица“ која се одбележува секоја година на 21-ви септември што воедно е слава на манастирот.

Советниците гласаа, така што **едногласно** донесоа Одлука за одобрување на финансиска помош во храна и пијалоци, за манастирот „Рожденство на Пресвета Богородица“ во с. Новаци.

14 точка: Разгледување на Барање од МЗ на с. Градешница за градежен материјал (песок и тампон) за изградба на конак на манастирот „Св. Илија“ во с.Градешница;

Жителите на с.Градешница започнаа изградба на конак во близина на манастирот „Св.Илија“ (Брен). Поради тоа доставија Барање до Општина Новаци за обезбедување на градежен материјал (песок и тампон).

Советот на општина Новаци го разгледа Барањето и **едногласно** донесе Одлука за одобрување на финансиска помош во градежен материјал - песок и тампон за изградба на конак на манастирот „Свети Илија“ во Градешница.

15 точка: Разгледување на Барање од МЗ на с.Будимерци за градежен материјал (тампон) и соодветна градежна механизација за санација на патот;

МЗ на с.Будимерци достави Барање до Советот на Општина Новаци за градежен материјал (тампон) и соодветна механизација со кои ќе се санира дел од патот кој води до селото, а кој не е асвалтиран и е во многу лоша состојба и тешко прооден за лесни возила.

Советот со **7 гласа за** донесе Одлука за одобрување на финансиска помош во градежен материјал - чакал и песок за патот до: манастирот „Света Петка“ во Живојно и црквата „Свети Спас“ во Живојно.

16 точка: Советнички прашања.

По однос на оваа точка советникот Љупчо Петровски постави 2 прашања до Градоначалникот Стевановски.

Првото се однесува на Одлуката за набавка на косачки за трева за потребите на основното општинско и подрачните училишта на ,,Славко Лумбарковски“ - Новаци. Имено тој праша дали набавката се реализира.

На неговото прашање Градоначалникот Стевановски одговори дека набавена е косачка за училиштето во с.Добромири додека за училиштата во с. Агларци и с. Бач набавката ќе се изврши наскоро.

Второто се однесува за чистење на дивата депонија во близина на село Агларци т.е кога се планира да се исчисти наведената дива депонија.

Градоначалникот Стевановски одговори дека секојдневно се соочува со проблемот со дивите депонии бидејќи колку често и да се чистат тие депонии, за многу кратко време несовесното население повторно ги прави, особено ова се однесува на дивата депонија во близина на село Новаци, кои се прави од несовесното однесување на жителите од општина Новаци, но според негови извори и поради несовесното однесување на жителите од градот Битола. Но вети дека со ангажирање на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци дека дивата депонија во с. Агларци ќе биде исчистена во најкус можен рок.

Советот на Општина Новаци, по разгледувањето на сите точки од дополнетиот и изменет Дневен ред, немаше дополнителни советнички прашања со што 34-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска